**20141163585**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и Јавното претпријатие за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 јули 2014 година.

Бр. 07-3061/1
31 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКАТА БАНКА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 52.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и Јавното претпријатие за државни патишта за финансирање на Проектот за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Јавното претпријатие за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 23 години, со вклучен грејс период од 6 години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР плус варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 34 полугодишни рати, на секој 15-ти октомври и 15-ти април во годината.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".